Лекција 8

# СМРТТА НА ИСУС

## Претскажано од Пророците

Многу време пред Исус да се роди, било искажано пророштво дека во градот Витлеем еврејско дете ќе биде родено, кое ќе постане Цар на Израел. Тој ќе биде Син од Бог, син на девица, потомок на Авраам и Давид. Но исто така било кажано дека тој мора да издржи страдање, и дека тој ќе умре за да ги спаси своите луѓе од нивните гревови.

*"Тој беше омаловажен и отфрлен од луѓето, човек на тагата . . .Но тој беше изboден за нашите слабости, и беше мачен заради нашето незнаење; казната која ни́ донесе мир беше врз него, и со неговите рани ние сме излечени . . .Затоа што тој беше отсечен од земјата на живите; заради престапот на моите луѓе тој беше убиен."* (Исаија 53:3-5,8)

Господ Исус го разбрал Стариот Завет многу јасно. Како дванаесет годишно момче, тој ги вчудоневидувал учителите во храмот во Ерусалим со неговото знаење и разбирање. Од Евангелието учиме дека тој знаел предвреме дека ќе пострада со сурова смрт во рацете на своите непријатели.

*"Оттогаш па натаму Исус започнал да им објаснува на своите ученици дека тој мора да оди во Ерусалим и да страда многу во рацете на старешините, главните свештеници и учителите на законот, и дека тој мора да биде убиен и на третиот ден да биде вратен во живот."* (Матеј 16:21)

Но учениците не можеле да поверуваат дека нивниот Господ треба да доживее таков страшен крај, и откако бил распнат тие биле збунети и исплашени.

На третиот ден, по распнувањето, двајца од неговите следбеници оделе од Ерусалим до некое село во близина, кога им се придружил странец, и тие зборувале со него за нивната тага. Странецот бил Исус лично, сега кренат од мртвите за да живее засекогаш, но извесно време не можеле да го препознаат. Тој им рекол:

*"Ама сте будалести, и колку тврди на срце сте за да поверувате во сé за кое што зборувале пророците! Христос мораше да страда со вакви маки и потоа да влезе во славата своја. И почнувајќи со Мојсеј и сите Пророци, тој им објаснил што било кажано во сите записи, а се однесувало на него."* (Лука 24:25-27)

## Послушност кон намерата од Бог

Не само дали тоа било претскажано, дека Христос ќе пострада со сурова смрт, туку тоа било "со претходно замислена намера и предзнаење од Бог" дека тој ќе биде предаден во рацете на своите непријатели за таа цел (Делата 2:23). И покрај тоа што тој имал моќ да се спротивстави и ги надвладее, Исус во послушност кон вољата на својот Татко, дозволил да биде фатен и убиен.

*"Причината заради која мојот татко ме сака е таа дека јас го положувам мојот живот - за да го кренам повторно. Никој не го зеде од мене, туку јас го дадов со моја согласност."* (Јован 10:17,18)

*"Мислите дека јас не можам да го повикам мојот Татко, кој веднаш ќе ми стави на располагање повеќе од 12 легии од ангели? Но како ќе бидат тогаш Записите исполнети кои велат дека мора да се случи на овој начин?"* (Матеј 26:53,54)

*". . . се покори себе си и постана послушен до смрт - дури со смрт на крст!"* (Филипјаните 2:8)

Ја гледаме послушноста на Синот кон Таткото, во молитвата од Исус во градината Гетсиман:

*"Татко мој, ако е возможно, нека оваа чаша (со смрт) ме одмине. Сепак не мојата волја, туку твојата нека биде."* (Матеј 26:39)

Во Исаија се прорекува: ". . . тој беше носен како јагне на колење, и како што овцата е мирна пред својот стрижач, така тој не ја отвори својата уста" (53:7). Тој бил убиен затоа што лидерите од народот го мразеле и му завидувале, а тој, како јагне, не се опирал, давајќи им пример на сите кои ќе го следат, за кога ќе бидат нападнати или гонети.

## Најраното пророштво

За понатамошно разбирање можеме да појдеме на самиот почеток, во градината Едем, откако Ева била наведена на искушение од змијата. На змијата Бог и рекол:

*"А јас ќе направам да бидете непријатели со жената, и помеѓу твојот потомок и нејзините потомци; тој ќе ја смачка твојата глава, а ти ќе го укасаш него за петица."* (Битие 3:15)

Змијата постанала симбол за грев и за непријателите од Бог; тој кој што ќе ја смачка главата од змијата е потомок на жената, тоа е Христос, кој се разбира бил зачнат од жена преку делувањето на Светиот Дух, без маж да биде вмешан. Смртта од Исус во рацете на неговите непријатели (". . . змии . . . отровници!" - Матеј 23:33) е претставена со раната на петицата, која не била смртна рана, затоа Исус се кренал од мртвите со моќта од Бог. За разлика пак, потомокот од жената ќе ја удри главата од змијата, која е смртна рана. Така Исус, со својата смрт, ја уништил силата на гревот во себе, а исто така и кај оние кои веруваат.

## Силата на гревот е уништена

За да се разбере како гревот бил уништен, мора да се сетиме дека Исус бил "искушуван секој ден, исто како што сме и ние искушувани, а сепак бил без грев" (Евреите 4:15). Тој ја споделувал нашата природа, со сите најзини грешни посакувања "(Римјаните 7:5); "Со самото тоа што децата имаат месо и крв, тој исто така ја споделувал нивната природа . . ." (Евреите 2:14). Но тој, и само тој, секогаш успевал во надминувањето на тие "задоволства полни со грев", и дека триумфирал над гревот, и го уништил. Неговото измалтретирано тело на крстот било симбол на оваа победа, на крајот од една борба против сето тоа кое е против волјата од Господ, борба која траела цел живот.

А ние самите "сме осветени со жртвата на телото од Исус Христос еднаш за секогаш" (Евреите 10:10). Исус го предал својот живот така што мажите и жените можат да бида избавени од грев преку простувањето од Бог. Но ова е вистина само за оние кои веруваат во Исус и неговото воскреснување, кои се покајуваат и кои се стремат кон послушност на неговите наредби. Ваквите верници учат да го мразат гревот и почнуваат да се борат против тоа. А и покрај сето тоа тие не можат во целост да го надминат, но тие го имаат ветувањето:

*"Ако ги признаеме нашите гревови, тој е верен и праведен за да ни́ ги прости нашите гревови и нѐ исчисти од сета неправедност."* (1Јован 1:9)

## Заклучок

Уште од почеток, со вољата од Бог, било неопходно Синот од Бог да биде роден во светов за да пострада во рацете на морално слабите луѓе. Вољата од Бог била Исус да се бори против својата човечка природа и ја надвладее, да го поднесе искушението и никогаш да не потклекне; неговиот живот да биде безгрешен.

Исус своеволно им се предал на страдањата и смртта, за да постане перфектна жртва за грев. Со таа жртва, со тоа слободно давање на својот живот, ние можеме да ја примиме прошката за нашите гревови ако веруваме, и можеме да се надеваме на вечен живот при неговото враќање.

## Прашања

8.1 На кој начин Исус бил ист како и другите луѓе, и на кој начин бил поинаков?

8.2 Зошто дозволил Исус да биде распнат?